Триглав Осигурување АД
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Дополнителни услови за семејно осигурување од последици на несреќен случај

УС-нпк-ДРУ
20-12-мк

## член 1: општи одредби

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови, се составен дел од договорот за семејно осигурување од последици на несреќен случај.

[2] Во семејство се вбројуваат родители, нивните деца, посвоеници и останати членови на домаќинството кои заедно живеат и заеднички ги користат своите примања.

Членови на семејство се сметаат и лица кои привремено престојуваат на друго место (поради школување, привремено вработување итн.).

## член 2: осигурени лица

[1] Лицата наведени во претходниот член се осигуруваат без оглед на здравствената состојба и општата работоспособност и тоа без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9, став (1), точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4, став (3) од Општите услови во секој случај се исклучени од осигурување.

[2] Лицата постари од 75 години не можат да се осигуруваат според овие Дополнителни услови.

## член 3: начин на договарање на осигурувањето

[1] Осигурувањето може да се договори само за сите членови на семејството;

[2] Договарачот на семејното осигурување може да биде само член на семејството;

[3] Осигурувањето се договара со назначување на осигурениците на полисата или на приложен список.

## член 4: осигурени опасности

[1] Осигурувањето може да се договори:

1) за случај смрт од незгода и траен инвалидитет поради незгода;
2) за случај смрт од незгода, траен инвалидитет поради незгода и надомест на болнички денови.

## член 5: траење на осигурувањето и покритието

[1] Осигурителното покритие за нови членови на семејството започнува во 24:00 часот на денот кога осигурувачот примил известување за пристапувањето во осигурување и за платена премија.

[2] За лицата кои престануваат да бидат членови на осигуреното семејство (иселување, брак итн.), покритието важи до истекување на тековната осигурителна година.

## член 6: суми на осигурување

[1] Сумите на осигурување наведени во полисата претставуваат најголем износ на обврските на осигурувачот за поединечен осигуреник.

## член 7: исклучување на обврските на осигурувачот

[1] Исклучени се сите обврски на осигурувачот:

1) ако осигуреникот изврши самоубиство или умре од последици од обид за самоубиство;
2) ако над осигуреникот е извршена смртна казна;
3) ако осигуреникот умре поради земјотрес;
4) ако осигуреникот умре поради воени операции или немири во земјата на договарачот на осигурувањето;
5) ако осигуреникот умре поради незгода за која е исклучено покритие според Општите услови.

## член 8: плаќање на премијата

[1] Договарачот на осигурувањето е должен да му ја плати договорената премија на осигурувачот за сите осигуреници без исклучок и за цело времетраење на осигурувањето во рокот одреден во полисата.

[2] За новите членови на семејството кои пристапуваат во осигурување за времетраењето на осигурувањето, договарачот плаќа онолку дванаесеттини од годишната премија колку што месеци ќе важи осигурувањето до истекот на тековната осигурителна година. За ново применките членови на семејството, се издава нова полиса.

## член 9: пријавување на осигурен случај

[1] Договарачот, односно корисникот е должен да му ја пријави на осигурувачот секоја незгода, за која важи покритието според овие Дополнителни услови и да му ги наведе на осигурувачот сите потребни податоци за утврдување на постоењето и висината на обврските.

## член 10: примена на општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

[1] За осигурувањата склучени согласно овие Дополнителни услови се применуваат и Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Дополнителните услови.

## член 11: важност на условите

[1] Овие Дополнителни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.